| **Единица на Универзитетот: Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“** | | | | | | | | |
| Научни подрачја: општесвени науки | | | | | | | | |

| ИМЕ НА ВИЗИТИНГ - ПРОФЕСОР | ЗВАЊЕ | МАТИЧЕН УНИВЕРЗИТЕТ | Рангирање на Шангајска листа[1 (500) | Научно подрачје[2 (200) | МБА програма[3 (100) | ПРЕДМЕТ НА КОЈ ЌЕ БИДЕ АНГАЖИРАН | СЕМЕСТАР ВО КОЈ СЕ ПЛАНИРА ПРЕСТОЈОТ | ВРЕМЕ-ТРАЕЊЕ НА ПРЕСТОЈОТ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Искра Попова | вонреден професор | Универзитет во Стокхолм | 1-100(77) | | | Област на информатика,дидактика, в-о софтфер-Студиски програми за наставници и воспитувачи | зимски | 1 недела |
| Данијеа Костадиновиќ | вонреден професор | Универзитет во Белград | 301-400 | | | Област на педагогија, дидактика, методика-Студиски програми за наставници и воспитувачи | зимски | 1 недела |
| Драган Богавац | вонреден професор | Универзитет во Белград | 301-400 | | | Област на семејна педагогија,дидактика, педагогија -Студиски програми за наставници и воспитувачи | зимски | 1 недела |
| Мироскава Ристиќ | вонреден професор | Универзитет во Белград | 301-400 | | | Област на инфоматика, дидактика, методика, в-о софтвер - Студиски програми за наставници и воспитувачи | зимски | 1 недела |
| Јанез Вогринц | вонреден професор | Универзитет во Љубљана | 401-500 | | | Област на методологија,истражување во образованието, статистика- Студиски програми за наставници и воспитувачи | зимски | 1 недела |
| Роберто Роче | редовен професор | Универзитет во Барселона | 151-200 | | | Област на педагошка комуникација,психологија,социологија,мултикултурно образ. - Студиски програми за наставници и воспитувачи | зимски | 1 недела |
| **Единица на Универзитетот: Стоматолошки факултет** | | | | | | | | |
| Научни подрачја: медицински науки и здравство | | | | | | | | |
| Ана Ангелова | проф.д-р | Кингс Колеџ - Лондон,United kingdom | 27 | | | Детска стоматологија | зимски | 1 недела |
| Васка Вандевска Радуновиќ | проф.д-р | University of Oslo, Norway | 135 | | | Ортодонција | летен | 1 недела |
| | | | | | | | | |
| **Единица на Универзитетот: Факултет за ветеринарна медицина** | | | | | | | | |
| Научни подрачја: биотехнички науки | | | | | | | | |
| Тадеј Маловрх | проф.д-р | Универзитет во Љубљана | 400-500 | | | Микробиологија и имунологија | зимски/летен | 4 недели |
| Златко Павлица | проф.д-р | Универзитет во Љубљана | 400-5оо | | | Внатрешни болести на домашни миленици и копитари | зимски/летен | 4 недели |
| Данијела Кировски | проф.д-р | Универзитет во Белград | 400-500 | | | Физиологија на животните | зимски/летен | 4 недели |
| Вања Крстиќ | проф.д-р | Универзитет во Белград | 400-500 | | | Внатрешни болести на домашни миленици и копитари | зимски/летен | 4 недели |
| **Единица на Универзитетот: Филолошки факултет „Блаже Конески“** | | | | | | | | |
| Научни подрачја:хуманистички науки | | | | | | | | |
| Проф.д-р Кристина Крамер | редовен професор | Универзитет во Торонто-Канада | 23 | | | Предмети од областа на македонистиката | | |
| Проф. д-р Клаудио Магрис | професор емеритус | Универзитет во Трст-Италија | 401-500 | | | Предмети од областа на италијанската книжевност | | |
| **Единица на Универзитетот: Филозофски факултет** | | | | | | | | |
| Научни подрачја: општествени науки и хуманистички науки | | | | | | | | |

| ИМЕ НА ВИЗИТИНГ - ПРОФЕСОР | ЗВАЊЕ | МАТИЧЕН УНИВЕРЗИТЕТ | Рангирање на Универзитетот според: | | | ПРЕДМЕТ НА КОЈ ЌЕ БИДЕ АНГАЖИРАН | СЕМЕСТАР ВО КОЈ СЕ ПЛАНИРА ПРЕСТОЈОТ | ВРЕМЕ-ТРАЕЊЕ НА ПРЕСТОЈОТ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ка листа[1 (500) | Научно подрачје[2 (200) | МБА програма[3 (100) | | | |
| Matthias Grunke | професор | Универзитет во Келн | 151-200 | | | Проблеми во учењето | летен | 1 недела |
| **Единица на Универзитетот: Факултет за драмски уметности** | | | | | | | | |
| Научни подрачја: Хуманистички науки | | | | | | | | |
| Урсула Теан | доц. | Универзитет во Љубљана | 401-500 | | | Модерен танц | зимски | 1.10.-7.10.201 |
| Давор Шваиќ | доц. | Универзитет во Загреб | 401-500 | | | Филмска и тв монтажаа | летен | 1.3.-7.2.2018 |
| **Единица на Универзитетот: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство** | | | | | | | | |
| Научно подрачје: техничко-технолошки науки | | | | | | | | |
| Петар Поповски | ред.проф. | Aalborg University, Aalborg, Denmark | 451-500 | | | Телекомуникации (Безжични и мобилни мрежи) | Летен | |
| Ада Гавриловска Хабл | Senior research scientist | Georgia Institute of Technology, Atlanta, Georgia | 101-150 | | | Телекомуникации (Телекомуникациски мрежи) | Зимски | |
| Никола Попов | редовен професор | McMaster University | 96 | | | Физика (Физика 1 ) | Зимски | |
| Алберто Леон Гарсија | ред.проф. | University of Toronto, Canada | 25 | | | Телекомуникации (Телекомуникациски мрежи) | Зимски | 1 недела |
| Марина Петрова | Доцент | RWTH Aachen University, Germany | 201-300 | | | Телекомуникации(Безжични и мобилни | Летен | 1 недела |
| Никола Попов | редовен професор | McMaster University | 95 | | | Физика IФизика 2) | Летен | 0 недела |
| Оливер Попов | професор | Stockholm University, Sweeden | 82 | | | Дизајн на компјутерски мрежи | летен | |
| Данило Глигоровски | професор | NTNU Norway | 201-300 | | | Криптографија | зимски | |
| Сања Лазарова Молнар | вонреден професор | University of Sothern, Danmark | 201-300 | | | Случајни процеси | летен | |
| Гоце Трајчевски | сениор предавач, пом | Northwestern USA | 30 | | | Управување со мообилни податоци, менаџирање податоци | зимски | |
| Сашо Џеровски | професор | Универзитет во Љубљана | 401-500 | | | Машинско__________ | летен | |
| Никола Стиков | професор | Ecole Politechnique de Montreal | 201-300 | | | Машинско учење и Биокибернетика | зимски | |
| Драган Бо______ | професор | Technische___________ | 201-300 | | | | зимски | |
| **Единица на Универзитетот: Факултет за земјоделски науки и храна** | | | | | | | | |
| Научно подрачје: Биотехнички науки | | | | | | | | |
| **Проф. д-р Наталија Богданов** | редовен професор | Земјоделски факултет во Земун во рамките на Универзитетот во Белград | 301-400 | | | Рурален развој | Зимски семестар | 5 дена |
| **Проф. д-р Снежана Јовановиќ** | редовен професор | Земјоделски факултет во Земун, во рамките на Универзитетот во Белград | 301-400 | | | Технологија на млеко и млечни производи | Зимски семестар | 5 дена |
| Доц.д-р Даниела Лоуренцио | Доцент | Државниот Универзитет Охајо, Колумбус, САД | 201-300 | 101-150 | | Популациска генетика | Зимски семестар | 10 дена |
| Проф. д-р Рамешвар Канавар | редовен професор | Универзитет во Ајова | 201-300 | 151-200 | | 1.Квалитет на почви и води 2.Квалитет на | Зимски семестар | 10.10-15.11.2 |
| | | | | | | | | |
| **Единица на Универзитетот: Шумарски факултет** | | | | | | | | |
| Научно подрачје: Биотехнички науки | | | | | | | | |
| Милорад Даниловиќ | вон.проф. | Шумарски факултет , Универзитет во Белград | 301-400 | | | Искористување на шумите | летен | 2 дена |
| **Единица на Универзитетот: Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер** | | | | | | | | |
| Научно подрачје: биотехнички науки | | | | | | | | |
| Здравко Поповиќ | редовен професор | Универзитет во Белград | 301-400 | | | Пиланска технологија на дрвото | летен | 1 недела |
| **Единица на Универзитетот: Технолошко-металуршки факултет** | | | | | | | | |
| Научни подрачја: техничко-технолошки науки | | | | | | | | |
| Luc Averous | Professor | University of Strasbourg | 87 | 19 | | Биоматеријали; Карактеризација на материјалите | Летен | 1 недела |
| Nídia Dana Mariano Lourenço de Almeida | Assistant Professor | University of Lisbon | 201-300 | 101-150 | | Еколошка Биотехнологија | Зимски | 1 недела |
| Petra Forte Tavčer | Professor | University of Ljubljana | 401-500 | / | | Печатење на текстил; Хемиска технологија 1 и 2 | Зимски | 1 недела |

| ИМЕ НА ВИЗИТИНГ - ПРОФЕСОР | ЗВАЊЕ | МАТИЧЕН УНИВЕРЗИТЕТ | Рангирање на | | | ПРЕДМЕТ НА КОЈ ЌЕ БИДЕ АНГАЖИРАН | СЕМЕСТАР ВО КОЈ СЕ ПЛАНИРА ПРЕСТОЈОТ | ВРЕМЕ-ТРАЕЊЕ НА ПРЕСТОЈОТ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Шангајска листа[1 (500) | Научно подрачје[2 (200) | МБА програма[3 (100) | | | |
| Konstantin Kovler | Professor | Technion-Faculty of Civil and Environmental Engineering | 77 | 51-75 | | Керамички материјали 2 Вовед во инженерство на материјали | Зимски | 1 недела |
| Проф. д-р Марија Барандиаран | редовен професор | University od Basque Country, Spain | 401-500 | | | На насоките: Полимерни материјали, дизајн и менаџмент; Инженерство на материјали и нанотехнологии | зимски | 1 недела |
| **Единица на Универзитетот: Природно-математички факултет** | | | | | | | | |
| Научни подрачја: природно-математички науки | | | | | | | | |
| Д-р Зоран Шуниќ | редовен професор | Универзитет во Texas A&M,SAD | 101-150 | 41 | 69 | Алгебра | летен | 1 недела |
| **Единица на Универзитетот: Медицински факултет** | | | | | | | | |
| Научни подрачја: медицински науки и здравство | | | | | | | | |
| Андреас Веглеин | професор | Грац | 401-500 | | | Анатомија | зимски | 1 недела |
| Владимир Костиќ | професор | Белград | 301-400 | | | Неврологија | зимски | 1 недела |
| Фридрих Хербст | професор | Виена | 151-200 | | | Дигестивна хирургија | летен | 1 недела |
| Весна Бјеговиќ | професор | Белград | 301-400 | | | Социјална медицина | зимски | 1 недела |
| Дидие Ханс | професор | Лозана | 201-300 | | | Ендокринологија | зимски | 1 недела |
| Клаудио Колосио | професор | Милано | 151-200 | | | Медицна на труд | летен | 1 недела |
| Барбара Цвенкал | професор | Љубљана | 401-500 | | | Офталмологија | летен | 1 недела |
| Зденко Ковач | професор | Загреб | 401-500 | | | Патофизиологија | зимски | 1 недела |
| Џорџ Морис | професор | Ексетер, Англија | 151-200 | | | Хигиена/екологија | зимски/летен | 1 недела |
| Проф. д-р Дарио Рахелиќ | редовен професор | Медицински факултет при Универзитетот во | 401-500 | | | Интерна медицина | летен | 1 недела |
| Проф. д-р Тибор Том | редовен професор | Универзитетот во Упсала | 60 | | | Патологија | летен | 1 недела |
| Проф. д-р Симон Херингтон | редовен професор | Универзитетот во Единбург | 41 | | | Патологија | летен | 1 недела |
| Проф. д-р Helmut Bertalanffy | редовен професор | Меѓународен институт за невронаука во Хановер, | 401-500 | | | Хирургија, студиска програма по општа медицина | | |
| Проф.д-р Oscar C. Aszmann | редовен професор | Универзитет за медицина Виена, Австрија | 201-301 | | | Хирургија, студиска програма по општа медицина | | |
| Проф.д-р Joseph Gligorov | редовен професор | Pierre & Marie Curie Универзитетот Сорбона во Париз, Франција | 39 | | | Онкологија, студиска програма по општа медицина | | |
| **Единица на Универзитетот: Факултет за музичка уметност** | | | | | | | | |
| Научни подрачја: хуманистички науки | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| **Единица на Универзитетот: Машински факултет** | | | | | | | | |
| Научни подрачја: техничко-технолошки науки | | | | | | | | |
| Проф. д-р Чедомир Дубока | редовен професор | Земјоделски факултет во Земун во рамките на Универзитетот во Белград | 301-400 | | | Дијагностика и одржување | зимски | 1 недела |
| Доц.д-р Герхарт Рат | доцент | Универзитетот во Леобен, Австрија | 400-500 | | | Автоматика | летен | 1 недела |
| Проф. д-р Ремон Поп-Илиев | редовен професор | University of Ontario Institute of Technology; Department of Automotive, Mechanical and Manufacturing Engineering and Applied Science, Canada | 301-400 | | | Еко-дизајн, развој на нови производи | летен | 1 недела |
| **Единица на Универзитетот: Економски институт** | | | | | | | | |
| Научни подрачја: општествени науки | | | | | | | | |

| ИМЕ НА ВИЗИТИНГ - ПРОФЕСОР | ЗВАЊЕ | МАТИЧЕН УНИВЕРЗИТЕТ | Рангирање на Универзитетот според: | | | ПРЕДМЕТ НА КОЈ ЌЕ БИДЕ АНГАЖИРАН | СЕМЕСТАР ВО КОЈ СЕ ПЛАНИРА ПРЕСТОЈОТ | ВРЕМЕ-ТРАЕЊЕ НА ПРЕСТОЈОТ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ка листа[1 | подрачј е[2 (200) | програм а[3 (100) | | | |
| Единица на Универзитетот: Институт за социолошки и политичко - правни истражувања - Скопје | | | | | | | | |
| Научни подрачја: општествени науки | | | | | | | | |
| Проф. д-р Спирос Софос | редовен професор | Универзитет во Лунд, Шведска | 101-150 | | | Човекови права | летен | 1 недела |

Ректор

Проф. д-р Никола Јанкуловски

Врз основа на член 7, став 1 од Правилникот за користење на средствата од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за активности поврзани со научноистражувачката дејност бр. 02-497 од 18.6.2010 година, бр. 02-151 од 16.2.2011 година и бр. 02-266/5 од 28.2.2012 година и Мислењето на Комисијата за финансии, инвестиции и развој на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 05-827/2 од 15.11.2017 година, Универзитетскиот сенат, на 16. седница одржана на 5.12.2017 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за прифаќање на извештаи за реализација на доделените средства за финансирање на научноистражувачки проекти на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Член 1**

Се прифаќа Извештајот за реализација на доделените средства за финансирање на научноистражувачки проекти на Институтот за сточарство во Скопје за 2015/2016, доделени во 2016 година.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

Врз основа на член 107, став 1, алинеја 1 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетскиот сенат, на 16. седница одржана на 5.12.2017 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за прифаќање на Извештај за реализација на доделените средства од фондот за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќа Извештајот за реализација на доделените средства за 2015/2016 од фондот за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје *(за спортски активности)*.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

Врз основа на член 107 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Мислењето на Комисијата за финансии, инвестиции и развој бр. 05-827/4 од 15.11.2017 година, Универзитетскиот сенат, на 16. седница одржана на 5.11.2017 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за усвојување на Извештајот за работа и финансиски извештај

1. Се усвојува Извештајот за работа и финансиски извештај на АКУД „Мирче Ацев“ за учебната 2016/2017 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

---

Врз основа на член 171 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016 и 61/2016), член 46 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016 и 127/2016) и член 79 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетскиот сенат, на 16. седница одржана на 5.12.2017 година, донесе

# И З Ј А В А

## за основање на Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице – ДООЕЛ

### ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Изјава за основање на Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице - ДООЕЛ (во понатамошниот текст: Друштво), се утврдуваат:

1. податоците за содружникот;
2. фирмата и седиштето на Друштвото;
3. предметот на работење на Друштвото;
4. времетраењето на Друштвото;
5. износот на основната главнина;
6. управителот на Друштвото;
7. застапувањето на Друштвото;
8. правата и обврските на содружникот;
9. начинот на распределба на добивката и начинот на покривање на загубата;
10. управувањето со Друштвото;
11. престанокот на Друштвото;
12. органите на надзор;
13. други прашања.

### ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА СОДРУЖНИКОТ

**Член 2**

Единствен содружник на Друштвото е : Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бул. „Гоце Делчев,“ бр. 9,Скопје, ЕМБС 4066499.

### ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 3**

Друштвото ќе работи под фирмата:

**Трговско друштво Центар за трансфер на технологии и иновации ИНОФЕИТ ДООЕЛ Скопје.**

Скратен назив на фирмата ќе биде: **ИНОФЕИТ ДООЕЛ Скопје**.

**Член 4**

Седиштето на Друштвото е во Скопје, на ул. „Руѓер Бошковиќ“ 18, Скопје (Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје), Република Македонија.

**Член 5**

Друштвото може да ги менува фирмата и седиштето само со одлука на единствениот содружник.

### ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 6**

Предмет на работење на Друштвото се сите дејности утврдени со НКД, освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или на друг надлежен орган.

Во надворешнотрговскиот промет, Друштвото ќе ги врши сите евидентирани дејности за надворешно трговско работење.

**Претежната дејност на Друштвото е:**

71.19 Други истражувања и експериментален развој во природните, техничките и технолошките науки.

**Член 7**

Предметот на работење и претежната дејност може да се променат или дополнат на начин и во постапка за промена и дополнување утврдени со закон.

Друштвото може дејностите што се предмет на работење да ги врши и надвор од седиштето на Друштвото преку формирање подружници.

**Член 8**

*Цели на Друштвото*

ИНОФЕИТ има јасно фокусирани цели кон:

- подобрување, зајакнување и стимулирање на трансферот на знаења од академската средина кон постојни и нови иновативни мали и средни претпријатија;
- обезбедување извонредно знаење во областите на информациско-комуникациски технологии (ИКТ) и обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност (ОИЕЕЕ);
- валоризација на истражувачките резултати преку создавање колаборативна платформа помеѓу научните работници, студентите и претприемачите заради надминување на јазот помеѓу академската средина и индустријата;
- зајакнување на потенцијалот за раст на регионалниот екосистем од постојни и нови, иновативни, високотехнолошко ориентирани мали и средни претпријатија.

**Трансфер на знаења**

Трансферот на знаења ќе опфати:

- селекција на потенцијални академски/истражувачки идеи, проекти и стартапи и нивно поврзување со заинтересирани индустриски партнери на редовни годишни конференции организирани од ИНОФЕИТ;
- обезбедување консултантски експертски услуги во областите на ИКТ и ОИЕЕЕ заради проценка на остварливоста на идеи и проекти на меѓународно експертско ниво;
- обезбедување консултантски експертски услуги во управувањето, финансирањето и администрацијата, а со цел поддршка и водење на истражувачите, сопствениците на идеи, пронаоѓачите и претприемачите во градење реални и остварливи бизнис-планови за стартап и спиноф компании (се предвидуваат два тренинзи годишно за поддршка на оваа замисла).

**Колаборативна платформа**

Создавањето на колаборативна платформа помеѓу научните работници, студентите и претприемачите ќе опфати:

- организација на редовни годишни ИНОФЕИТ - конференции со присутност на сите страни и поддршка на поврзувањето на идеи, проекти и стартапи со инвеститори;
- активирање на локални, национални и регионални тела како релевантни државни агенции, стопански комори, градски администрации, владини тела и сл. во поддршка на функционирањето на ИНОФЕИТ;
- поврзување со високотехнолошки компании кои имаат потреба од нови решенија и технологии и кои истовремено можат сопствено реализираните платформи да ги стават на располагање на ИНОФЕИТ за дополнителна надградба и развој.

**Истражувачки резултати**

Истражувањата на ИНОФЕИТ ќе бидат основа за промоција на развојот на нови, иновативни ИКТ - сервиси. Притоа, валоризацијата на резултатите ќе опфати:

- идентификација на потребите за нови ИКТ-сервиси во постојните и брзо развојните индустрии (селекција на најмалку 6 успешни проекти годишно, од кои најмалку 3 преоѓаат во фаза на спиноф);
- идентификација и квантификација на потенцијалите за развој на проекти во ОИЕЕЕ (селекција на најмалку 4 успешни проекти годишно, од кои најмалку 1 преоѓа во фаза на спиноф);
- идентификација на потребите за подлабоки истражувања преку поврзување на малите и средните претпријатија со истражувачите на ИНОФЕИТ на редовните годишни конференции.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДРУШТВОТО**

**Член 9**

Друштвото се основа на неопределено време.

**ИЗНОС НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА**

**Член 10**

Основната главнина на Друштвото изнесува 5000 евра во паричен влог во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на потпишувањето на Изјавата, што е еднакво на 310.000,00 денари.

Основната главнина ја уплаќа Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Друштвото може слободно да располага со основниот влог од денот на уписот на основањето во Трговскиот регистар.

Основната главнина може да се зголемува или намалува само со одлука на единствениот содружник, на начин и во постапка утврдени со закон.

## ПРАВНА ПОЛОЖБА И ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

**Член 11**

Друштвото во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка со неограничени овластувања.

Друштвото во правниот промет со трети лица за преземените обврски одговара со целиот свој имот - полна одговорност, а основачот не одговара.

***Содружник***

**Член 12**

Единствен содружник на Друштвото е Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Работите од надлежност на единствениот содружник ги врши Деканатската управа на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, **доколку поинаку не е утврдено со оваа Изјава.**

**Работите од член 13, став 1, точките 6 и 8 и член 16, став 3, алинеи 1 и 2 се во исклучива надлежност на Универзитетскиот сенат.**

**Член 13**

Содружникот ги врши следниве работи:

1) ги усвојува годишната сметка и годишните финансиски извештаи, како и годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година и одлучува за распределбата на добивката и за покривање на загубите;
2) го избира и го отповикува управителот, односно другите управители, ако Друштвото избира повеќе управители, и одлучува за склучување на договорот меѓу Друштвото и управителот;
3) одлучува за мерките за испитување и вршење контрола над водењето на работите;
4) донесува одлука да се поведе постапка за надомест на штетата што ја претрпело Друштвото во врска со неговото управување спрема управителот, членовите на Надзорниот одбор и одлучува за назначувањето застапник за водење на споровите, ако Друштвото не може да го застапуваат управителот, односно управителите или членовите на Надзорниот одбор;
5) одлучува за зголемување или намалување на основната главнина на Друштвото;
6) одлучува за измена на Изјавата за основање на Друштвото;
7) одобрува склучување договори за набавка што е поголема од една петтина од основната главнина;
8) одлучува за продажба на недвижен имот на Друштвото;
9) врши и други работи утврдени со закон.

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје имаат право:**

1) да учествуваат во управувањето со Друштвото;
2) да учествуваат во распределбата на добивката;
3) да бидат информирани за работењето на Друштвото;
4) да вршат увид во книгите и во другите документи на Друштвото;
5) на дел од остатокот на ликвидационата, односно на стечајната маса;
6) други права определени со закон.

***Управител***

**Член 14**

Со Друштвото управува управител.

Управителот се именува со одлука на Деканатската управа на Факултетот за електротехника и информациски технологии, на период од четири години, со право на повторен избор.

Управителот се разрешува со одлука на Деканатската управа на Факултетот за електротехника и информациски технологии.

**Член 15**

Освен во случаи утврдени со закон, мандатот на управителот може да му престане и пред истекот, ако му престане работниот однос.

Управителот може во секое време да биде отповикан со одлука на единствениот содружник, без образложение.

Отповиканиот управител нема право на надомест на штета. Оваа клаузула треба да се утврди во менаџерскиот договор.

**Член 16**

Управителот е овластен да ги преземе сите правни работи и дејствија што се поврзани и вообичаени за водењето на работите што се од интерес на Друштвото.

Управителот е овластен да дејствува во сите околности од името на Друштвото, со исклучок на овластувањата што, според закон и оваа Одлука, ги имаат единствениот содружник и Надзорниот одбор.

Управителот ќе го застапува и претставува Друштвото во внатрешниот и надворешниот промет, со следниве ограничувања:

- договорите за отуѓување на недвижен имот на Друштвото ги склучува по претходно одобрение од единствениот содружник,
- договорите за располагање со недвижниот и подвижниот имот на Друштвото (давање под закуп, востановување на заложно право и на други стварни права) ги склучува по претходно одобрение од единствениот содружник.

**Член 17**

Без согласност на единствениот содружник, управителот на Друштвото не може:

- за своја или за туѓа сметка да врши работи што спаѓаат во предметот на работење на Друштвото;
- да биде содружник во друго друштво кое има ист или сличен предмет на работење на Друштвото;
- да биде член на орган на управување во друго друштво кое има ист или сличен предмет на работење;
- во просториите на Друштвото да врши работи за своја или за друга сметка.

Доколку управителот постапи спротивно на ограничувањата од став 1 на овој член, Друштвото може од управителот да бара надомест на штета или да бара на Друштвото да му ја отстапи правната работа што ја склучил за своја сметка и да му ја даде корисата што потекнува од правната работа, склучена за своја или за туѓа сметка.

**Член 18**

Управителот е лично и неограничено одговорен кон Друштвото и кон трети лица за работењето спротивно на одредбите на позитивните законски одредби и на оваа Изјава.

Управителот е должен да ги води работите на Друштвото со внимание на уреден и совесен трговец и да ја чува деловната тајна на Друштвото.

***Органи на надзор***

**Член 19**

Орган на надзор е Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор брои три члена.

Членовите на Надзорниот одбор ги именува Универзитетскиот сенат.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е 4 години, со право на повторен избор.

Универзитетскиот сенат има право во секое време да отповика член на Надзорниот одбор.

**Член 20**

Членовите на Надзорниот одбор избираат претседател на Надзорниот одбор од своите редови.

Претседателот на Надзорниот одбор ги свикува и претседава со седниците на Надзорниот одбор и ја организира неговата работа.

Сите членови на Надзорниот одбор имаат еднакви права, обврски и одговорности.

Надзорниот орган ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Чкен 21**

Надзорниот одбор врши надзор над работењето на Друштвото.

Во вршењето на надзорот над работењето на Друштвото, Надзорниот одбор може да ги прегледува и оценува трговските книги на Друштвото, актите и другите документи на Друштвото, имотот, а особено благајната и состојбата на хартиите од вредност на Друштвото. Вршењето на овие работи, Надзорниот одбор може да го довери на свој член или одделни работи да ги довери на стручно лице кое не е член на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор ја прегледува годишната сметка на Друштвото и другите финансиски извештаи, предлогот за распределба на добивката и го оценува годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година и за тоа го известува единствениот содружник. Во извештајот, Надзорниот одбор посебно назначува на каков начин и во каков обем го прегледал водењето на работите на Друштвото во календарската година и до какви заклучоци дошол откако извршил преглед на годишната сметка и на годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година.

**Член 22**

Надзорниот одбор е должен најмалку еднаш во годината да го известува Универзитетскиот сенат за работењето на Друштвото.

Универзитетскиот сенат има право да расправа за работењето на Друштвото по предлог на ректорот или по предлог на Надзорниот одбор.

**НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА И НАЧИН НА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА**

**Член 23**

Управителот е должен по завршувањето на секоја деловна година да состави годишна сметка и извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година.

Покрај годишната сметка предвидена со став 1 на овој член, се составуваат и сметки за квартални периоди од деловната година, за времето кое го определува органот од членот 12, став 2 од оваа Изјава.

**Член 24**

Друштвото има задолжителна општа резерва, како општ резервен фонд кој е формиран

по пат на зафаќање од нето добивката. Оваа резерва се пресметува и издвојува во износ од 15 % од добивката.

**Член 25**

Заради покривање на определени загуби или за други издатоци, покрај општата резерва, можат да се создаваат и посебни резерви и резерви за посебна намена. Посебните резерви и резервите за посебна намена се користат со одлука на органот од членот 12, став 2 на оваа Изјава.

**Член 26**

За употребата на добивката според годишните сметки одлучува органот од членот 12, став 2 на оваа Изјава.

Во Одлуката за употреба на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а особено се наведуваат:

1) добивката според билансот на успехот;
2) износот кој треба да се даде на единствениот содружник;
3) износите кои треба да се внесат во резервите на Друштвото;
4) евентуалниот пренос на добивката во наредната година;
5) дополнителните издатоци врз основа на Одлуката.

Со Одлуката од став 1 на овој член не можат да се вршат измени во годишните сметки на Друштвото.

**Член 27**

За покривање на загубата одлучува органот од членот 12, став 2 на оваа Изјава.

Во одлуката за покривање на загубата се наведуваат изворите за нејзиното покривање, а особено:

1) од дотации;
2) со отпис на побарувањата на доверителите;
3) на товар на задолжителната општа резерва;
4) на товар на посебните резерви за покривање загуби ;
5) на товар на главнината, со нејзино намалување.

Со одлуката од ставот (1) на овој член не може да се вршат измени во загубата на Друштвото.

**ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО**

**Член 28**

Друштвото престанува со:

- одлука на основачот (единствениот содружник);
- одлука за присоединување на Друштвото кон друго друштво, спојување со друго друштво, со поделба на Друштвото;
- стечај на Друштвото;
- одлука на судот;
- други случаи определени со закон.

**Член 29**

Оваа Изјава влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по уписот во Централниот регистар, согласно со закон.

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

---

Врз основа на член 6, став 1 и 6 од Правилникот за распределба на средства за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Универзитетски гласник бр. 163/2010, бр. 180/2011, бр. 230/2012, бр. 263/2013, 300/2014 и 321/2015) Универзитетскиот сенат, на 16. седница одржана на 5.12.2017 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

**за усвојување на Програмата за работа на Студентскиот парламент за периодот 15.9.2016 - 14.9.2017 год. и 15.9.2017 - 14.9.2018 год. и за доделување средства за нејзина реализација**

**Член 1**

Се прифаќа Програмата за работа на Студентскиот парламент за периодот 15.9.2016 - 14.9.2017 година и 15.9.2017 - 14.9.2018 година.

**Член 2**

За реализација на Програмата од член 1 на оваа Одлука, на Студентскиот парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје му се доделуваат средства во износ од:

- 2976341,00 денари, за активности во периодот 15.9.2016 - 14.9.2017 година
- 2489024,00 денари, за активности во периодот15.9.2017 - 14.9.2018 година.

Вкупниот износ во висина од 5465365,00 денари, од став 1 на оваа Одлука, претставува 15% од средствата кои студентите од сите студиски години на единиците на Универзитетот ги уплатиле за информативни, информатички, културни, спортски и други активности.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**